# Опис на работни задачи и одговорности на

# Консултант за изработка на Систем за наградување на успехот на ЈКП

## I. Позадина

АДКОМ -Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија е добро етаблирано и ужива кредибилитет меѓу главните чинители, посветено да им служи на своите членови и да ги поддржува во подобрувањето на работата на комуналните услуги.

АДКОМ има суштинска улога, односно да нуди поддршка и техничка експертиза на своите членови. Сепак, поради зголемениот број на барања за поддршка на членовите, како и многу прогресивната и постојано променлива средина, АДКОМ идентификуваше потреба од понатамошен развој на Здружението за да може ефективно да одговори на потребите на своите членови и да им помогне да се подобрат нивните услуги. Свесни за аспектите што може дополнително да се подобрат, но и за потенцијалите и силните страни што може дополнително да се искористат, АДКОМ го разви проектот „Зајакнување на АДКОМ за одржлив развој, развој на капацитети и застапување на членките“, поддржан од „Регионална мрежа за развој на капацитети (RCDN) за водни услуги“.

Главната цел на овој проектот е да обезбеди одржлив раст, да го поттикне развојот на капацитетите и да ја подобри застапеноста на своите членки, позиционирајќи го АДКОМ како издржлива и влијателна асоцијација посветена на сеопфатното унапредување на својата мисија и цели.

„Регионална мрежа за развој на капацитети (RCDN) за водни услуги“ има за цел да ја зголеми ефективноста и ефикасноста на Здруженијата на јавните комунални претпријатија и на единиците на локалната самоуправа во шесте земји од Западен Балкан, што придонесува за поквалитетно обезбедување на услугите од страна на нивните членови, што на крајот овозможува да се испорачаат квалитетни услуги за населението, во согласност со меѓународните стандарди. RCDN се надоврзува и ги интегрира постојните активности за развој на капацитетите, на национално и на регионално ниво, и го олеснува зголемувањето и понатамошната репликација низ целиот регион. Зајакнувањето на капацитетите на здруженијата за колаборативна испорака на развој на капацитетите е суштината на методолошкиот пристап.

RCDN е заеднички финансиран од Швајцарскиот државен секретаријат за економски прашања (SECO) и Германското Сојузно Министерство за економска соработка и развој (BMZ), а административно е вграден во Проектот на ГИЗ „Отворен регионален фонд за Југоисточна Европа - модернизација на услугите во Општините (ORF MMS)“.

Во рамки на Специфичната цел 1 од проектот на РЦДН, насловен „Развој на стратешки документи на АДКОМ за обезбедување на непречено работење и зголемена ефективност на ниво на здружение“, АДКОМ се стреми кон создавање на подолгорочна и посилна соработка меѓу јавните комунални претпријатија (ЈКП). Основниот фокус е на промовирање на тимската работа, размена на знаење и вмрежување, што е од суштинско значење за постигнување на висококвалитетни јавни услуги.

Како дел од овие стратешки иницијативи, АДКОМ ја воспоставува програмата „ Денови на АДКОМ-Денови на комунални услуги“, која има за цел да ги обедини различните ЈКП и да ја зголеми нивната соработка преку редовни средби, работилници и вмрежување. Преку овие активности се создава

можност за споделување на најдобрите практики и унапредување на услугите што ги нудат ЈКП, со крајна цел подобрување на јавниот сектор и обезбедување на повисоки стандарди на работа.

Во контекст на оваа иницијатива, АДКОМ планира да развие и имплементира систем за препознавање и наградување на успесите на ЈКП. Системот ќе биде дизајниран за да ги идентификува и вреднува постигнувањата во различни области како што се иновативни решенија, тимска работа, зголемување на ефикасноста и квалитетот на услугите. Овие области ќе бидат дефинирани во текот на проектот и ќе служат како основа за градење на култура на континуирано унапредување.

## II. Цел на задачата

Општата цел на оваа задача е да се ангажира искусен Консултант кој ќе биде одговорен за дизајнирање и документирање на јасен, транспарентен и одржлив систем за наградување на ЈКП. Овој систем треба да биде во целосна согласност со вредностите на АДКОМ, како што се тимската работа, заедничката служба и високи стандарди во извршување на стратешки поставените цели.

Консултантот ќе има за задача да ги анализира тековните практики во ЈКП, да ги идентификува клучните области за подобрување и да предложи иновативни начини за мотивирање на вработените во ЈКП преку системот за наградување. Системот треба да биде структуриран на начин што ќе поттикнува постигнување на високи стандарди во работењето, ќе го охрабрува иновативното размислување и ќе создава култура на континуирано учење и подобрување на услугите.

Консултантот треба да достави официјален документ кој детално ќе го опише предложениот систем за наградување, вклучувајќи критериуми за проценка, механизми за евалуација, како и препораки за долгорочно одржување на системот. Овој документ ќе послужи како стратешка алатка за АДКОМ во иднината и ќе ја поткрепи целта на организацијата да ја зајакне соработката помеѓу ЈКП и да обезбеди високо квалитетни јавни услуги.

## III. Одговорности и задачи на Консултантот

Задачата на Консултантот се состои од две групи на активности:

1) Истражување и анализа на добри практики
2) Развој и изработка на документ за систем за наградување

Одговорностите и задачите на Консултантот се опишани подолу.

***Сет на активности кои се однесуваат на <u>Истражување и анализа на добри практики</u>***

Како дел од овој збир на активности, Консултантот е должен:

1) Да изготви преглед на најдобрите практики за системи за наградување во комуналниот сектор
2) Да изготви анализа на релевантни модели имплементирани од други асоцијации (доколку има)

**Очекувани резултати/предмети на испорака на овој сет на активности:**

1. Извештај со преглед на најдобрите практики.
2. Анализа на применливи модели од други организации.

2) ***Сет на активности што се однесуваат на Развој и изработка на документ за систем за наградување***

Како дел од овој сет на активности, Консултантот е должен:

1) Да изготви јасни критериуми и мерки за системот на наградување на ЈКП.
2) Да изготви Предлог за видови награди (на пр. сертификати, финансиски стимулации, јавно признание).
3) Да развие формален документ што ќе ги содржи структурата, критериумите и процесот за наградување.
4) Да изготви Сумарен Извештај по финализирање на документот за преземените активности.

**Очекувани резултати/предмети на испорака на овој сет на активности:**

1. Изготвен документ со воспоставени јасни критериуми и мерки за системот на наградување на ЈКП.
2. Изготвен Предлог за видови награди (на пр. сертификати, финансиски стимулации, јавно признание).
3. Развиен формален документ што ќе ги содржи структурата, критериумите и процесот за наградување.
4. Изготвен Сумарен Извештај по финализирање на документот за преземените активности.

Ве молиме имајте предвид дека сите логистички работи ќе бидат организирани од АДКОМ. Консулттантот ќе биде соодветно информиран за сите логистички детали.

## IV. Експертски денови

Бројот на денови за Консултантот кои се планирани за целата задача ќе бидат утврдени со Договорот. Консултантот ќе биде ангажиран во времетраење од декември 2024 до март 2025 година. Максимален број на денови за оваа активност се 10.

## V. Профил на Консултантот

Консултантот е многу искусен, со практично познавање на изработка на систем за наградување. Има доволно познавање на работата на АДКОМ и комуналниот сектор, особено познавања во функционирањето на ЈКП.


german cooperation DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT
Implemented by giz
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Confederation
Federal Department of Economic Affairs, Education and Research EAER
State Secretariat for Economic Affairs SECO

**Консултантот треба да ги поседува следните компетенции:**

- Познавање на работата на јавните комунални претпријатија
- Познавање за клучните индикатори на успешност (KPI).
- Познавање на мисијата и принципите на АДКОМ ќе се смета за предност.

**Забелешка**: Консултантот треба да покаже професионално искуство од најмалку 5 години во една од областите споменати погоре (претставена во неговата Биографија (CV) во шаблонот на ЕУ и докажана со соодветните референци).

**Јазични вештини:** Течно познавање на Македонскиот јазик а познавање на Англискиот јазик ќе се смета за предност.

**ИТ вештини**: MS Office (Word, Excel, PowerPoint).

**Образование:** Универзитетска диплома во област релевантна за подобрување на секторот за водоснабдување и отпадни води во ЕЛС и ЈКП (на пр. општествени науки, јавна администрација, деловна администрација, инженерство или управување со водоснабдување и отпадни води).

**Друго:** Ажурност, висока флексибилност, способност за работа со кратки рокови, подготвеност за патување.

## VI. Понуда

Од Консултантот се бара да поднесе финансиска понуда најдоцна до 03.12.2024 година. Понудата треба да се поднесе на Македонски јазик по е-пошта, на adkommk@gmail.com или лично на рака во извршната канцеларија на АДКОМ и треба да ги содржи следните делови:

- Лична Биографија,
- Финансиската понуда

## VII. Критериуми за евалуација и бодување

Понудите ќе се оценуваат врз основа на правилникот за избор на тренери и консултанти на АДКОМ.

## VIII. Лице за контакт

Референтното лице за оваа задача е Лолита Стојановска.
Адреса на е-пошта: adkommk@gmail.com

## IX. Измена на условите

АДКОМ го задржува правото да ги менува условите на Повикот во секое време по сопствена дискреција.

## X. Прифаќање и отфрлање на понудите

АДКОМ не мора да ја прифати понудата со најниска цена или било која понуда. По сопствена дискреција, АДКОМ го задржува и правото да отфрли некоја или сите примени понуди и да ја прифати



german cooperation DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT
Implemented by giz
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Confederation
Federal Department of Economic Affairs, Education and Research EAER
State Secretariat for Economic Affairs SECO

секоја понуда што ја смета за поволна, без разлика дали е понудата со најниска цена или не. АДКОМ нема никаква обврска да доделат договор и го задржуваат правото да го прекинат процесот на барање на понуди во секое време и да се повлечат од дискусиите со сите или со кој било од тренерите кои одговориле. АДКОМ го задржува правото да ја прифати предложената понуда целосно или делумно, да одбие која било или сите понуди, да се откаже од сите помали неформалности, неправилности или технички работи и да ја прифати понудата која се смета за најповолна за здружението и RCDN.

**XI. Сопственост**

Сите материјали, документи и информации подготвени, развиени или приспособени од консултантите остануваат во сопственост на АДКОМ и RCDN. Консултантот се согласува дека ниту еден дел од материјалите, документите и информациите не смеат да се репродуцираат или дистрибуираат во каква било форма, или на кој било начин, или да се складираат во база на податоци или систем за пребарување, за какви било други цели и цели освен оние поврзани со овој Повик, без претходна дозвола од АДКОМ.

**XII. Извештај**

Консултантот треба да изработи Сумарен извештај по финализирање на документот за преземените активности.
Извештајот треба да биде на македонски јазик

**XIII. Услови и плаќање**

Консултантот ќе биде ангажиран со посебен индивидуален договор, потпишан од АДКОМ и ќе биде исплатен по поднесување и одобрување на наведените испораки погоре. Консултантот ќе испрати Табела со работни часови за договорот заедно со испорачаните резултати за да се продолжи со плаќањето.

Плаќањето ќе се заснова на реалниот број на работни денови (според доставената Табела со работни часови) потрошени за развој на секој испорача резултат, но да не го надминува одобрениот број на денови за предложениот Консултант.

Исплатата ќе биде извршена по доставување на финалната верзија на Сиостемот на наградување и презентација пред засегнатите страни, по доставување на фактура од страна на Консултантот:

**XIV. Индикатори за успешност и Евалуација на работата**

Индикаторите што ги одразуваат перформансите на Консултантот се: Навремена презентација на резултатите и очекуваното, квалитет на изработениот Стратешки и Бизнис план на АДКОМ и квалитетот на извештаите што треба да се достават до контакт лицето за оваа активност, имено Извршниот Директор на АДКОМ. Изведбата на Консултантот ќе биде оценета од АДКОМ по реализацијата на обуката.

**Анекси:**

*Сите анекси ќе му бидат доставени на Консултантот по потпишување на договор со АДКОМ.*


german cooperation DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT
Implemented by giz
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Confederation
Federal Department of Economic Affairs, Education and Research EAER
State Secretariat for Economic Affairs SECO